АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.05.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3628 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 мај 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 мај 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 98, став 1** (услови за рекламирање и телешопинг);

6. **Претходно изречена мерка:** *На 03.04.2015 година, за непочитување на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-715, 03.04.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.*
   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 мај 2015 година, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по Решението**, односно ја отстранил извршената повреда на членот 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***